**20111352975**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на судиите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07-3992/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА СУДИИТЕ

Член 1

Во Законот за платите на судиите („Службен весник на Република Македонија“ број 110/2007, 103/2008, 161/2008, 153/2009, 67/10 и 97/10), во членот 6 став (1) зборот „пет“ се заменува со зборот „шест“.

Во ставот (2) алинеја 4 сврзникот „и“ се заменува со запирка. По

алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- петтата група ги опфаќа судиите и претседателот на Вишиот управен суд и“.

Во алинејата 5 која станува алинеја 6 зборот „петтата“ се заменува со зборот „шестата“.

Член 2

Во членот 7 став (2) точка г) алинеја 2 сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка. По

точката г) се додава нова точка д), која гласи:

„д) во петтата група од членот 6 став (2) алинеја 5 коефициентот изнесува за:

- судија 3,35 и
- претседател на судот 3,65 и“.

Во точката д) која станува точка ѓ) зборот „петтата“ се заменува со зборот „шестата“, а бројот „5“ се заменува со бројот „6“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.